МАПАС

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# ЧУВАР НА ИМОТ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

**Е-МАПАС**

БР.58

ЈУЛИ 2026 ГОДИНА

# ЧУВАР НА ИМОТ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Во капитално финансираното пензиско осигурување, како дел од пензискиот систем, средствата што се уплаќаат на индивидуалните сметки на членовите на пензиските фондови се инвестираат со цел остварување принос и обезбедување средства за исплата на идните пензии или пензиски надоместоци. Имајќи ја предвид важноста на овие средства и потребата од нивна максимална заштита, законодавецот воспоставил јасна поделба на надлежностите помеѓу институциите кои учествуваат во системот. Така, пензиските друштва донесуваат инвестициски одлуки и управуваат со средствата на пензиските фондови, додека нивното чување и контролата на одредени активности се доверени на независно правно лице – чувар на имот (Custodian).




Во Република Северна Македонија чувар на имот може да биде исклучиво банка која поседува дозвола за работа издадена од Народната банка на Република Северна Македонија и која ги исполнува законски пропишаните услови во однос на финансиската стабилност, независноста и организацијата на работењето. Дополнително, изборот на чуварот на имот е предмет на претходна согласност од МАПАС, со што се обезбедува дополнителна контрола при неговиот избор.

Законот предвидува средствата на секој пензиски фонд да се чуваат одделно од средствата на банката – чувар на имот, како и од средствата на другите клиенти. Оваа издвоеност обезбедува средствата на пензиските фондови во секој момент да бидат јасно евидентирани и правно заштитени. Истовремено, сите финансиски инструменти во кои се инвестирани средствата на пензискиот фонд задолжително се чуваат кај чуварот на имот.

Предвидени се и дополнителни гаранции за заштита на средствата. Средствата на пензиските фондови што се чуваат кај чуварот на имот не претставуваат дел од имотот на банката, не можат да бидат предмет на извршување против банката и не влегуваат во стечајната или ликвидационата маса доколку над банката се отвори таква постапка. Со тоа се обезбедува висок степен на правна и финансиска заштита на средствата на членовите на пензиските фондови.

Чуварот на имот претставува еден од клучните механизми за заштита на средствата на пензиските фондови. Неговата улога не се состои само во безбедно чување на средствата, чуварот на имот врши и значајни контролни активности. Тој проверува дали трансакциите и инвестициите се извршуваат во согласност со законските одредби, ја пресметува и ја потврдува вредноста на нето средствата и сметководствената единица на пензискиот фонд, ја следи усогласеноста на портфолиото со инвестиционите ограничувања и има законска обврска без одлагање да ја извести МАПАС доколку утврди неправилности или постапување спротивно на интересите на членовите на пензискиот фонд.

На овој начин се воспоставува дополнително ниво на сигурност и контрола, кое придонесува за заштита на средствата на членовите и пензионираните членови на пензиските фондови.

Клучни функции на чуварот на имот се:

- Сегрегација (одвојување) на средствата: Парите на членовите на пензискиот фондот се чуваат на посебна сметка. Доколку пензиското друштво пропадне или се соочи со финансиски проблеми, средствата во пензискиот фонд остануваат недопрени и безбедни бидејќи не се дел од стечајната маса на друштвото.
- Евиденција на инструменти: Банката ги регистрира и следи сите финансиски инструменти (акции, обврзници, удели) во кои пензиското друштво ги инвестира средствата на пензискиот фонд.
- Контрола на трансакциите: Ги извршува налозите за купување или продавање хартии од вредност само доколку тие се во согласност со прописите и со пропишаните инвестициски лимити.
- Следење на паричните текови: Сите приливи (придонеси) и одливи (исплати на пензии) се одвиваат исклучиво преку сметките отворени кај банката чувар.

Кога средствата на пензискиот фонд се инвестираат во странство, чуварот на имот одбира субчувар на имот (Sub-custodian). Тоа е голема меѓународна банка или специјализирана финансиска институција која физички ги чува хартиите од вредност купени на странските берзи.

Чуварот на имот претставува важен елемент во капитално финансираното пензиско осигурување и значајно придонесува за сигурноста, транспарентноста и довербата во пензискиот систем.

„Вистинската солидарност меѓу генерациите се одразува во праведен и одржлив пензиски систем“

„Инвестирањето во пензискиот систем денес значи градење цврста основа за нашата иднина“

## МАПАС И ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО НА ЗАЕДНИЧКА СРЕДБА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Претседателот на Советот на експерти на Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Ремзи Бајрами, заедно со членовите на Советот на експерти, Пранвера Сума и Дарко Саздов, како и Главниот советник на Претседателот на МАПАС, Марија Поповска, оствари работен состанок со членовите на Надзорниот и Управниот одбор на ВФП Пензиско Друштво АД Скопје.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД 8 ОДДЕЛЕНИЕ

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), заедно со трите пензиски друштва – КБ Прво пензиско друштво, САВА пензиско друштво и ТРИГЛАВ пензиско друштво, во ООУ „Гоце Делчев“ – Аеродром, Скопје одржаа едукативно предавање за финансиска писменост и запознавање на учениците од 8 одделение со пензијата и функционирањето на пензискиот систем.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ЗА ИНТЕГРИРАЊЕ НА ФИНАСИСКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РСМ

Во организација на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување – МАПАС, како член на Координациското тело за финансиска едукација и финансиска инклузија, се одржа координативен состанок посветен на можностите за посистемско и поодржливо интегрирање на финансиската едукација во основното и средното образование во Република Северна Македонија.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## ВРАБОТЕНИТЕ ВО МАПАС И ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕКСПЕРТИ УЧЕСТВУВАА ВО КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

Вработените во Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, заедно со членовите на Советот на експерти, учествуваа во доброволна крводарителска акција која се одржа во Центарот за дарување крв “Даре Џамбаз” во Скопје

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## МАПАС ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНА РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА СО ХРВАТСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА НАДЗОР НА ФИНАНСИСКИТЕ УСЛУГИ (HANFA)

Претседателот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, Ремзи Бајрами, и членот на Советот на експерти, Пранвера Сума, учествуваа на работна средба со делегација на Хрватската агенција за надзор на финансиските услуги (HANFA), која се одржа во периодот од 9 до 12 јуни 2026 година, во организација на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО).



За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
**МКС EN ISO 9001:2009**

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001

www.mapas.mk mapas.mk mapas.mk mapasmk